Република Македонија

**ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
e - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

**Бр. 1**

**04.02.2015**

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за реализација на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2014 година IV квартал**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Квартален извештај за реализација на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2014 година за IV квартал донесен на 29-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 30.01.2015 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 155/1** **Општина Демир Хисар**
**04.02.2015 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**301.** Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/ и член 43 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар“бр.3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14/ Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 30.01.2015 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Квартален извештај за реализација на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2014 година IV квартал**

1.СЕ УСВОЈУВА Кварталниот извештај за реализација на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2014 година IV квартал.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.17- 65/4** **Совет на Општина Демир Хисар**
**30.01.2015 година** **Претседател**
**Демир Хисар** **Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Буџетски календар на Општина Демир Хисар за 2015 година**

1.Го објавувам Буџетскиот календар на Општина Демир Хисар за 2015 година донесен на 29-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 30.01.2015 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 155/2** **Општина Демир Хисар**
**04.02.2015 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**302.** Врз основа на член 27, став 4 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 61/2004) и член 43 став 1 точка 2 од Статутот на општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 30.01 2015 год. донесе

**Буџетски календар**
**на општина Демир Хисар за 2015 година**

| Ред. Бр. | АКТИВНОСТИ | Месец во годината |
|---|---|---|
| 1. | Советот на општина Демир Хисар го донесува буџетскиот календар. | Јануари/Февруари |
| 2. | Министерот зафинансии доставува циркулар -насоки за подготвување на буџетите на единиците на локална самоуправа за наредната година | Најдоцна до 30ти септември |
| 3. | Градоначалникот подготвува општински буџетски циркулар со главните насоки за изготвување на финансиските планови до сите одделенија и буџетски корисници. | Најдоцна до 15ти октомври |

| | | |
|---|---|---|
| 4. | Сите одделенија и буџетски корисници ги доставуваат финансиските планови и предлог пресметките за наредната година со образложение за висината на износите по позиции. | Најдоцна до 01ти Ноември |
| 5. | Одделението за Финансиски прашања подготвува проценки на вкупните приходи , ги разгледува анализира и усогласува предлог пресметките и финансиските планови , ги одредува приоритетите и одредбите за новиот предлог буџет и го известува градоначалникот за основните параметри. | Најдоцна до 10ти Ноември |
| 6. | Одделението за Финансиски прашања го изготвува нацрт буџетот и го доставува до градоначалникот на разгледување и одобрување. | Најдоцна до 20 ти Ноември |
| 7. | Градоначалникот организира јавна расправа по нацрт буџетот . | Најдоцна до 30 ти Ноември |
| 8. | Градоначалникот доставува предлог буџет до Советот на општина Демир Хисар | Најдоцна до 10ти декември |
| 9. | Советот на општина Демир Хисар го усвојува предлог буџетот. | Најдоцна до 31ви декември |

Буџеткиот календар на општина Демир Хисар за 2015 година влегува во сила наредниот ден од објавувањето во службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 17-65/5 Совет на општина Демир Хисар**
**30.01 2015 год. Претседател,**
**Демир Хисар Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за измени и дополнување на Одлуката за извршување на на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2015 година**

1.Ја објавувам Одлуката за измени и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2015 година донесена на 29-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 30.01.2015 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 155/3 Општина Демир Хисар**
**04.02.2015 година Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**303**. Врз основа на член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 61/2004, 96/2004,67/2007,156/2009 и 47/2011 ), и член 43 став 1 точка 2 од Статутот на општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/ Советот на Општината Демир Хисар на дваесетидеветтата седница одржана на ден 30.01.2015 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**За изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина**
**Демир Хисар бр.07-961/3 од 26.12.2014 година**

Член 1

Во Одлуката за извршување на Буџетот на општина Демир Хисар за 2015 година член 20 се менува и гласи: ,,Вработувањата во општинската администрација се вршат согласно актите за организација и систематизација на општината за кои се обезбедени средства во буџетот на општината. Градоначалникот дава писмено известување за обезбедените средства.

Локалните јавни установи од областа на културата, образованието и социјалната заштита кои се финансираат со блок дотации можат да вработуваат нови работници доколку се обезбедени средства во Буџетот на Република Македонија за што писмено известување дава Министерството за финансии, врз основа на барање од градоначалникот на општината до

надлежното министерство за потребата од вработување во локалните јавни установи, со соодветна пропратна документација.“

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Демир Хисар”, а ќе се применува од 01.01.2015 година до 31.12.2015 година.

**Бр. 17- 65/6** **Совет на општина Демир Хисар**
**30.01. 2015 год.** **Претседател**
**Демир Хисар** **Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за формирање на Совет на млади на Општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за формирање на Совет на млади на Општина Демир Хисар донесена на 29-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 30.01.2015 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 155/4** **Општина Демир Хисар**
**04.02.2015 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**304.** Врз основа на член 82-б од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на општина Демир Хисар“ бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14) Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 30.01.2015 година донесе

**О Д Л У К А**
**за формирање на Совет на млади на општина Демир Хисар**

Член 1

Се формира Совет на млади на Општина Демир Хисар од пет члена со мандат од четири години во состав

За Претседател
Бенито Петрески –студент на Правен факултет
За членови
Антонио Сукловски – средно училиште IV година
Дејан Маљушовски- студент на висока медицинска школа
Николина Јовановска- доктор
Марија Пауновска- средно училиште IV година

Член 2

Членовите во Советот на млади можат да бидат избрани само лица кои се жители на Општина Демир Хисар.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Демир Хисар“.

**Бр. 17-65/7** **Совет на Општина Демир Хисар**
**30.01.2015 година** **Претседател**
**Демир Хисар** **Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за утврдување на паричен надомест за секое новородено дете во Општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за утврдување на паричен надомест за секое новородено дете во Општина Демир Хисар донесена на 29-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 30.01.2015 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 155/5** **Општина Демир Хисар**
**04.02.2015 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**305.** Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.3/02) како и во ссгласност на член 94 став 2 од Статутот на општината Демир Хисар (Сл.гласник на Општината Демир Хисар бр.03/02, 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 ) Советот на општина Демир Хисар на ден 30.01 2015 година донесе,

**ОДЛУКА**
**За утврдување на паричен надомест за секое новородено дете во општина Демир Хисар во 2015 година**

Член 1

Се утврдува паричен надомест во висина од 5000 денари за секое новородено дете во Општина Демир Хисар во 2015 година.

Член 2

Право на наведениот паричен надомест ќе имаат само семејствата кои живеат на територијата на општина Демир Хисар и се жители на Општината Демир Хисар,

За начинот за доделувањето и доставувањето на потребната документација ќе се изготви Правилник за начинот на доделување на овие средства.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Сл.глалсник на општината Демир Хисар, а ќе се применува ретроактивно од 01.01.2015 година.

Одлуката има важност до 31.12.2015 година.

**Бр. 17-65/8** **Совет на Општина Демир Хисар**
**30.01.2015 година** **Претседател**
**Демир Хисар** **Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за усвојување на Годишниот извештај за остварувањето на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во Општина Демир Хисар за 2014 година**

1.Ја објавувам Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за остварувањето на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во Општина Демир Хисар за 2014 година донесена на 29-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 30.01.2015 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 155/6** **Општина Демир Хисар**
**04.02.2015 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**306.**Врз основа на на член 37 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на РМ" бр. 13/06, 86/08, 6/10 и 42/14), како и член 129 з, став 1, 2 и 4 од Статутот на општина Демир Хисар ("Службен гласник на општина Демир Хисар" бр.3/02, 4/05 и 7/09), и), Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 30.01.2015, донесе:

**Одлука за усвојување на Годишниот извештај за остварувањето на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во општина Демир Хисар за 2014 година**

Член 1

Со оваа одлука се усвојува Годишниот извештај за остварувањето на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во општина Демир Хисар за 2014 година.

Извештајот е доставен од Градоначалникот на општина Демир Хисар, како одговорно лице на имателот на информацијата а подготвен е од службеното лице за посредување со информации од јавен карактер на општина Демир Хисар.

Член 2

Овој Годишен извештај по усвојувањето се доставува до Комисијата за заштита на правото на слободен пристап од јавен карактер.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.17-65/9** **Совет на општина Демир Хисар**
**30.01.2015** **Претседател**
**Демир Хисар** **Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Програма за изработување на општ акти во Општина Демир Хисар за 2015 година**

1.Ја објавувам Програмата за изработување на општ акт во Општина Демир Хисар за 2015 година донесена на 29-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 30.01.2015 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 155/7** **Општина Демир Хисар**
**04.02.2015 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**307.**Врз основа на член 22 став1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/02), а во согласност со член 78 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 70/2013-пречистен текст и Измените на Законот, и Сл. весник на РМ бр. 55/2013), Прирачникот за водење постапка за донесување и изготвување на општи акти, донесен од Министерство за транспорт и врски, ~lен 15 и член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл. Гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/2002год.), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 30.01.2015 година донесе

***ПРОГРАМА***

**За изработување на општи акти за Општина Демир Хисар за 2015год.**

член 1

Се отпочнува постапка за изработка и донесување на општи акти за следните села во општина Демир Хисар:
- Бабино, Бараково, Базерник, Белче, Боиште, Брезово, Церово, Доленци, Единаковци, Големо Илино, Граиште, Кутретино, Лесково, Мало Илино, Мренога, Ново Село, Обедник, Прибилци, Радово, Ракитница, Сладуево, Смилево, Стругово, Суводол, Света, Слепче, Сопотница, Утово, Вардино, Вирово, Зашле, Журче, Жван, Велмевци, Кочишта, Загориче, Железнец и Растојца.

член 2

Програмата влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 17-65/10** **Совет на општина Демир Хисар**
**30.01 2015 год.** **Претседател,**
**Демир Хисар** **Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Програма за Урбанистички планови за Општина Демир Хисар за 2015 година**

1.Ја објавувам Програмата за Урбанистички планови за Општина Демир Хисар за 2015 година донесена на 29-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 30.01.2015 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 155/8** **Општина Демир Хисар**
**04.02.2015 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**308.**Врз основа на член 22 став1 точка 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/02) а во согласност со член 17 точка 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 51/2005; 137/2007; 91/2009; 124/10; 18/11; 53/11; 144/12; 55/13; 163/13 и 42/14), Законот за постапување со бесправно изградени објекти и Измените на Законот, (Сл.весник на РМ бр. 23/2011;155/2012 и Правилниците), член 15 и член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл. Гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/2002год.), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 30.01.2015 година донесе

***ПРОГРАМА***

**За донесување на урбанистички планови за Општина Демир Хисар за 2015год.**

**Член 1**

**I- Генерални урбанистички планови**

1.Изработка на Генерален урбанистички план за општина Демир Хисар. Планот се изработува согласно годишната програма за изработка на Урбанистички планови и Државна и Локална урбанистичка планска документација во Република Македонијка за 2014год., а го изработува Агенцијата за просторно планирање.

**I I- Детални урбанистички планови**

1. Изработка на Измени и дополнувања на ДУП за Демир Хисар, за КП бр. 2250, КО Демир Хисар, со намена домување, со површина која накнадно ке се утврди, согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект од страна на Симе Зинговски, Демир Хисар.

2. Изработка на Измени и дополнувања на ДУП за Демир Хисар, за КП бр. 2307 и КП бр.2297, КО Демир Хисар, со намена домување, со површина која накнадно ке се утврди, согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект од страна на Кирило Блажевски и Живко Блажевски, Демир Хисар.

3. Изработка на Измени и дополнувања на ДУП за Демир Хисар, за КП бр.1767, КО Демир Хисар, со намена Б1 – мали комерцијални и деловни објекти, со површина која накнадно ке се утврди, согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барања за утврдување правен статус на бесправно изграден објект од страна на Тони Трајчевски, Добре Бакиевски и Пецо Јанкуловски.

4. Изработка на измени и дополнувања на ДУП за индустриска зона на Демир Хисар, со намена Б1 мали комерцијални и деловни објекти, заради вклопување на бесправно изграден објект, согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барања за утврдување правен статус на бесправно изграден објект од страна на ДООЕЛ „Бинго Огнен Петрол“, с.Обедник, Демир Хисар.

5. Изработка на Измени и дополнувања на ДУП за Демир Хисар, со намена домување, заради вклопување на бесправно изграден помошен објект, кој зафаќа дел од јавна површина, (тротоар), согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект од страна на Димитрија Трајковски.

6. Изработка на Измени и дополнувања на ДУП за Демир Хисар, за КП бр. 1808/1, КО Демир Хисар, со намена В-Јавни институции, заради вклопување на бесправно изграден објект, согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект од страна на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија – административна зграда (барањето е доставено до МТВ).

**I I I - Урбанистички план вон населено место со граници на опфат:**

1. Изработка на Урбанистички план за вон населено место, на КП бр.118 КО Сопотница во површина од 80668м2, РМ, корисник "Бигла". (Постапката е отпочната-добиени се услови за планирање на просторот).

2. Изработка на Урбанистички план за вон населено место, на КП бр.1 КО Големо Илино, со намена - туристички локалитет, предвиден и со Просторниот План на РМ ("Сл. Весник на РМ", бр.39/04 г.), во површина од приближно од 2,5 ха. Земјиштето е во сопственост на РМ, пасиште, трета класа. (Постпаката е отпочната, планот е финансиран од страна на Центар за развој на пелагонискиот регион)

3. Изработка на Урбанистички план за с.Растојца, согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект за домување (викенд куќа) на КП бр. 976, КО Растојца, од страна на Васко Бојаџиев, од Демир Хисар.

**IV- Локална урбанистичка планска документација**

(согласно член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање)

1. Изработка на ЛУПД за изградаба на објекти за аквакултура, со опфат за КП бр. 2297, 2284, 2285, 2291, 2292, 2293, 2294, 2295, 2296, 2298, 2299, 2300 и 2301, м.в. Скара, со површина од 19.599$м^2$, КО Доленци, Демир Хисар, согласно графички прилог кој е составен дел од оваа Одлука. Постапката е отпочната на барање на „Аква Ленд“ ДОО Скопје, кој е воедно инвеститор (добиена е пренамена на земјоделско во градежно земј.)

2. Изработка на ЛУПД за изградба на угостителски, туристички и рекреативни објекти со опфат за КП бр. 4098/2, КО Слепче, општина Демир Хисар. Постапката е отпочната на барање на Коруновски Ангел од с.Слепче, Демир Хисар, кој е сопственик на КП бр. 3795 КО Слепче,

3. Изработка на ЛУПД за Изградба на Базна станица за мобилна телефонија ПЛП 4088 Жван на дел од КП бр. 1898/100, м.в. Кискине, КО Жван, Општина Демир Хисар, заведена во ИЛ 307 КО Жван, со вкупна површина на плански опфат од 161,30$м^2$ и намена Е1-комунална инфраструктура/телекомуникациска инфраструктура. Постапката е отпочната за потребите на ВИП Оператор, а по барање на ЕГНАТИЈА Скопје ДООЕЛ, доставено до општина Демир Хисар, бр. 11-42 од 15-06-2012год.

(Постапката е во тек, се чека на добивање согласност за пренамена на земјоделско во градежно земјиште).

4. Изработка на ЛУПД за Изградба на Базна станица за мобилна телефонија ПЛП 4090 Зашле, на дел од КП бр. 40/1, КО Зашле, Општина Демир Хисар, со вкупна површина на плански опфат од 200м$^2$ и намена Е1-комунална инфраструктура/телекомуникациска инфраструктура. Постапката е отпочната за потребите на ВИП Оператор, а по барање на МОНБИИНСТАЛ ДОО, доставено до општина Демир Хисар, бр. 11-66 од 06-11-2012год. (Постапката е во тек, се чека на добивање согласност за пренамена на земјоделско во градежно земјиште).

5. Изработка на ЛУПД за Изградба на индустриски комплекс за производство и складирање на асфалт со придружни објекти на КП бр. 351, ЛП бр. 352, КП бр. 353 и КП бр. 354, м.в. Дрвена Црква, КО Слоештица, намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија. Постапката е отпочната за потребите на ГП Гранит и градилиште, а по барање на ВЕКТОР – ТТ ДОЕЛ Куманово, доставено до општина Демир Хисар, бр. 11-67 од 07-11-2012год.

6. Изработка на ЛУПД за вклопување на деловен објект, со опфат за КП бр. 157, КО Света, со површина од 1116м$^2$, согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект од страна на Војо Стојановски, с.Света.

7. Изработка на ЛУПД за вклопување на деловен објект, со опфат за КП бр. 1098, КО Загориче, со површина која ке се утврди накнадно, согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект од страна на ЈП „Македонски шуми“ Скопје, подружница шумско стопанство „Бигла“.

8. Изработка на ЛУПД за Изградба на Базна станица за мобилна телефонија ПЛП 4086 Железнец, на дел од КП бр. 634, КО Велмевци, Општина Демир Хисар, со вкупна површина на плански опфат од 36m$^2$ и намена Е2-комунална инфраструктура/телекомуникациска инфраструктура, а по барање на Егнатиа Скопје, а за потребите на ВИП Оператор.

9. Изработка на ЛУПД заради вклопување на бесправно изграден објект – ТС10/0,4 кВ Реш. Воденица“, изградена на КП бр. 4805, КО Сопотница, сопственост на ЕВН, КЕЦ Битола.

10. Изработка на ЛУПД за изградба на деловен објект на КП бр. 1098, КО Загориче, станица за Технички преглед на моторни возила, с. Загориче, Демир Хисар, по барање на „АЛЕК ТА КОМПАНИ“ од Битола.

11. Изработка на ЛУПД, со намена домување, со опфат за КП бр. 2006, КО Прибилци, со вкупна површина од 1241м$^2$, согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект од страна на Сашо Гицовски, с. Сладуево.

12. Изработка на ЛУПД, со намена Г2-Лесна и незагадувачка индустрија, со опфат за кој ке се утврди накнадно, за КО Бабино и КО Слоештица, согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект од страна на ГД Гранит, АД Скопје.

13. Изработка на ЛУПД со намена домување, со опфат за КП бр. 474/1, КО Вардино, со површина од 3687м$^2$, согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект од страна на Цане Петрески, с. Вардино.

14. Изработка на Урбанистички план за вон населено место, на КП бр.1 КО Големо Илино, со намена - туристички локалитет, предвиден и со Просторниот План на РМ ("Сл. Весник на РМ", бр.39/04 г.), во површина од приближно од 2,5 ха. Земјиштето е во сопственост на РМ, пасиште, трета класа. (Постпаката е отпочната, планот е финансиран од страна на Центар за развој на пелагонискиот регион)

15. Изработка на ЛУПД, со намена домување, со опфат за КП бр. 123/2, КО Сладуево, со површина од 3687м$^2$, согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект од страна на Димче Марковски од Битола, ул. „Климент Охридски“ бр. 25/7.

16. Изработка на ЛУПД, со намена домување, со опфат за КП бр. 123/2, КО Сладуево, со површина од 3687м$^2$, согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект од страна на Димче Марковски од Битола, ул. „Климент Охридски“ бр. 25/7.

17. Изработка на ЛУПД, согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барање за утврдување правен статус на бесправно изграден деловен објект – пилана за обработка на дрвена граѓа, на КП бр. 127/1, КО Белче, од страна на Љубе Стојановски од с.Белче.

18. Изработка на ЛУПД, со намена домување, со опфат за КП бр. 266, КО Стругово, со вкупна површина од 2159м$^2$, согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барање за утврдување

правен статус на бесправно изграден објект од страна на Петре Велјановски, с. Кутретино.

19. Изработка на ЛУПД, со намена деловна, со опфат за КП бр. 268, КО Стругово, со вкупна површина од 1160м$^2$, согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект од страна на Пецо Димоски од Демир Хисар.

20. Изработка на ЛУПД за вклопување на бесправно изграден објект од верски карактер – Манастир „св. Петар“ и помошен објект, с. Смилево, на КП бр. 9 и КП бр. 10, КО Смилево, по барање на МПЦ.

21. Изработка на ЛУПД за вклопување на бесправно изграден објект од верски карактер – Манастир „св. Атанас“ и помошен објект, с. Журче, на КП бр. 538, КО Журче, по барање на МПЦ.

22. Изработка на ЛУПД за вклопување на бесправно изграден објект од верски карактер – Манастир „св. Антониј“ и помошен објект, с. Стругово, на КП бр. 1853 и КП бр. 1854, КО Стругово, по барање на МПЦ.

**V - Урбанистички планови во населено место**

1. Изработка на Измени и дополнувања на Урбанистички план за с.Суводол-Кутретино, за изградба на градби за проширување на капацитетот за работа на мешовито фармерство во с.Суводол, Демир Хисар, со намена Г-2- лесна и незагадувачка индустрија, на КП бр. 1230, 1235, 1234, 1236, 1237, 1238 и делови од катастарските парцели 1231, 1233, 1229, 1227 и дел од 1232 - сите КО Суводол, општина Демир Хисар, со точна површина која ќе се утврди со изработката на Измените и дополнувањата на УП за с.Суводол, согласно графички прилог кој е составен дел од оваа Одлука. Постапката се отпочнува на барање на „Агрофарм“ ДООЕЛ од Демир Хисар.

2. Изработка на Измени и дополнувања на Урбанистички план за с.Сопотница (ГУП за с.Сопотница), за изградба на објекти со кои се проширува капацитетот на фабриката челичен лив и гранулат „Железник“ АД Сопотница, Демир Хисар, со опфат за КП бр. 533 до КП бр. 543, од КП бр. 687 до КП бр. 700, КП бр. 722, и КП бр. 729, сите КО Сопотница, со површина од 44.480 м$^2$, општина Демир Хисар, согласно графички прилог кој е составен дел од оваа Одлука. Постапката се отпочнува на барање на „Железник“ АД - Челичен лив и гранулат.

3. Изработка на измени и дополнување на Урбанистички план во населено место с.Слоештица, со опфат на КП бр. 2881/1 и КП бр. 1953, КО Слоештица, со вкупна површина од 8,33ха, со намена Г-производство, дистрибуција и сервиси. Барањето-иницијативата е поднесена од страна на Митревски Стевче, уч. „Јордан Пиперката“ бр. 12 од Демир Хисар.

4. Изработка на Измени и дополнување на Урбанистички план за с.Сопотница (ГУП за Сопотница), заради вклопување на бесправно изграден објект со намена домување, за КП бр. 4859, КО Сопотница, согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект од страна на Витомир Јовановски од с.Сопотница.

5. Изработка на Урбанистички план за с.Велмевци, заради вклопување на бесправно изграден објект со намена домување, за КП бр. 1804, КО Велмевци, согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект од страна на Илија Богојовски од Битола.

6. Изработка на Урбанистички план за с. Велмевци, зради вклопување на бесправно изграден објект со намена домување, на КП бр. 1643, КО Велмевци, согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект од страна на Маркушовски Никола и Маркушовски Ило.

Член 2

Програмата влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 17-65/11**
**30.01 2015 год.**
**Демир Хисар**

**Совет на општина Демир Хисар**
**Претседател,**
**Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Акционен Годишен план за активностите на Општина Демир Хисар во областа на енергетската ефикасност во 2014 година**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Акционен Годишен план за активностите на Општина Демир Хисар во областа на енергетската ефикасност во

2014 година донесена на 29-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 30.01.2015 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 155/ 9** **Општина Демир Хисар**
**04.02.2015 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**309.**Врз основа на член 92 став 1 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар"бр.3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14/ Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 30.01.2015 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

### За усвојување на Извештајот за реализација на Акционен годишен план за активностите на Општина Демир Хисар во областа на енергетската ефикасност во 2014 година

1.СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализација на Акционен Годишен план за активностите на Општина Демир Хисар во областа на енергетската ефикасност во 2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.17- 65/12** **Совет на Општина Демир Хисар**
**30.01.2015 година** **Претседател**
**Демир Хисар** **Јосиф Ристевски с.р.**

---

С О Д Р Ж И Н А

1.Заклучок за усвојување на Квартаелн извештај за реализација на Буџетот на општина Демир Хисар за IVквартал--------------------1
2.Буџетски календар на општина Демир Хисар за 2015 година---1-2
3.Одлука за измени и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Демир Хисар за 2015 година-------------2-3
4.Одлука за формирање на Совет на млади на општина Демир Хисар 3
5.Одлука за утврдување на париченс надомест за секое новородено дете во општина Демир Хисар во 2015 година----------------------------4
6.Одлука за усвојување на Годишен извештај за остварувањето на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во општина Демир Хисар за 2014 година --------------------------------4
7.Програма за изработување на општи акти за општина Демир Хисар за 2015 година--------------------------------------------------------------5
8.Програма за донесување на Урбанистички планови за општина Демир Хисар за 2015 година ---------------------------------------------------5-8
9.Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Акционен годишен план за активностите на Општина Демир Хисар во областа на енергетската ефикасност во 2014 година-------------------------------8-9

**Издава: Општина Демир Хисар,ул.Битолска б.б.**
**тел.047/552-661**
**Градоначалник.**
**Љупчо Блажевски**
**Компјутерска обработка: Виолета Пајковска**